# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

26 септември 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 15



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и "Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "ЛИДЛ**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 септември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-8795/1**
**од 26 септември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеесет и шесттата седница одржана на 26 септември 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ СКОПЈЕ

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од:

- сет детско катче SCS 14;
- детска лулашка SW 01;
- дупла клацкалка;
- карпа за качување во форма на желка CE 01;
- корпи за отпадоци - 4 (четири) парчиња;
- клупа со наслон - 3 (три) парчиња; и
- гумени плочки 40 x 40 x 2см, со двокомпонентно полиуретанско лепило - 150 парчиња.

**Член 3**

Вредноста на донацијата е 977.700,00 денари со дополнително пресметан ДДВ од 175.986,00 денари.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука, а по приемот на предметот на донацијата, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-8680/3**
**од 26 септември 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ ''ДАНЕ КРАПЧЕВ'', ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ ''Дане Крапчев'', Општина Гази Баба - Скопје, за расходување и отуѓување на основни средства, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 септември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-8795/2**
**од 26 септември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 108 став (1) алинеја 13, а во врска со член 113 став (1) алинеја 23 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, бр.18-8624/1 од 17.09.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на шеесет и шесттата седница одржана на 26 септември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "ДАНЕ КРАПЧЕВ", ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ И ОТУЃУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлука бр.02-361/8 од 18.06.2025 година, за расходување и отуѓување на основни средства (стари и неупотребливи учебници), донесена од училишниот одбор на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува директорот на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, да ја спроведе оваа одлука и одлуката на училишниот одбор од членот 1 од оваа одлука, заради книжење на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, утврдена со редовниот попис.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-8680/4**
**од 26 септември 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ФИНАНСИСКО ДРУШТВО "ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 26 септември 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-8795/3**
**од 26 септември 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/22,170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеесет и шесттата седница одржана на 26 септември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ФИНАНСИСКО ДРУШТВО "ИУТЕ КРЕДИТ МАКЕДОНИЈА" ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на прималел на донација прима донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од 10 (десет) прочистувачи за воздух со вкупна вредност од 90.000,00 (деведесетилјади) денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Донираните прочистувачи за воздух од членот 2 од оваа одлука, се поставени во ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука а по приемот на предметот на донацијата, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-8680/5**
**од 26 септември 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/976/19 од 05.09.2025 година
**СКОПЈЕ**

# ПОТВРДА

Согласно Член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), се потврдува одобрување од урбанистички аспект на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи на ГП 1 дел од КП2240, КО Булачани, Општина Гази Баба, Општина Гази Баба, со тех. број 122/2024 од Август 2025 година и број на постапка во е-урбанизам 69125, а врз основа на Позитивно мислење од Комисија за урбанизам бр. 28-3/976/15 од 06.08.2025 година

(се наведува видот на документацијата и технички број)

изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје

(се наведува изработувачот на документацијата)

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план

(се наведува видот на документацијата)

со барање бр. 0301-30/3 од 21.02.2025 година

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бобан Стефковски

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/997/15 од 20.08.2025 година
**СКОПЈЕ**

# ПОТВРДА

Согласно Член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), се потврдува одобрување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи на ГП 2 на дел од КП2240, КО Булачани, Општина Гази Баба,** со тех. број 123/2024 од Јули 2025 година и број на постапка во е-урбанизам 69126, а врз основа на Позитивно мислење од Комисија за урбанизам бр. 28-3/997/14 од 17.07.2025 година

(се наведува видот на документацијата и технички број)

изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ИН-ПУМА ДОО Скопје

(се наведува изработувачот на документацијата)

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план

(се наведува видот на документацијата)

со барање бр.0301-31/3 од 21.02.2025 година

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бобан Стефковски

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/1469/17 од 01.09.2025 година
**СКОПЈЕ**

# ПОТВРДА

Согласно Член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), се потврдува одобрување од урбанистички аспект на Измена и дополнување на УПВОУП со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени, затворени складишта за индустриска стока и дистрибутивни центри со складови, на делови од КП 39/1 и КП 40 КО Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје, со тех. број 04-2/25 од Август 2025 година и број на постапка во е-урбанизам 70069, а врз основа на Позитивно мислење од Комисија за урбанизам бр. 28-3/1469/15 од 22.08.2025 година
(се наведува видот на документацијата и технички број)

изработен од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
(се наведува изработувачот на документацијата)

Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план
(се наведува видот на документацијата)

со барање бр. 09-125/9 од 21.08.2025 година
(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бобан Стефковски

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за примање на донација од "ЛИДЛ Северна Македонија" ДООЕЛ Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**ОДЛУКА** за давање согласност на одлука на училишен одбор на ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје, за расходување и отуѓување на основни средства . . . . . . . . . . . . . . . . .4

**ОДЛУКА** за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје . . . . . . .6

**ОБЈАВИ** од сектор за урбанизам и градежно земјиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .7



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/25**
**66 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци